


# ООУ “Киро Глигоров”
## Општина Центар - Скопје

# САМОЕВАЛУАЦИЈА 2023

Август 2023

# Содржина

**1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето**.............................................3

1.1 Самоевалуација........................................................................................3

1.2 Цели на самоевалуацијата .......................................................................3

1.3 Процес на самоевалуацијата ...................................................................5

1.4 Формирање тим за самоевалуација.........................................................6

**2. Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата**........................................................................................ 9

2.1 Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата (табела)…10

2.2 Нивоа на оствареност… 10

**3. Подрачја на вреднувања**........................................................................ 11

3.1 Наставни планови и програми… ............................................................ 11

3.2 Постигања на учениците........................................................................ 21

3.3 Учење и настава.......................................................................................28

3.4 Поддршка на учениците........................................................................ 41

3.5 Училишна клима и односи во училиштето...................................................52

3.6 Ресурси. ...................................................................................................63

3.7 Управување, раководење и креирање политика.......................................... 71

**4. Извештај од извршената самоевалуација со предлог мерки за подобрување на квалитетот на воспитно - образовната работа**...............83

# 1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето

## 1.1 Самоевалуација

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања:

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

## 1.2 Цели на самоевалуацијата

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- Ефективно и ефикасно раководење на директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, стручни соработници, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница во воспитно-образовниот систем.
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.

- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.
- Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми

## 1.3 Процес на самоевалуацијата




**Шематски приказ на процесот на самоевалуација**

## 1.4 Формирање тим за самоевалуација

(табеларен приказ)

| САМОЕВАЛУАЦИЈА 2023 | | |
|---|---|---|
| | **Име и презиме на наставник** | **Подрачје** |
| | **КООРДИНАТОР Сања Пејчиновска- Крстиќ** | **Наставни планови и програми** |
| 1. | Софче Пеева | |
| 2. | Менка Чадиноска | |
| 3. | Бранка Јакимовска | |
| 4. | Николче Тодоровски | |
| 5. | Катерина Исаевска | |
| | **КООРДИНАТОР Елена Новаковска** | **Постигања на учениците** |
| 6. | Розика Ристевски | |
| 7. | Катерина Гаштов | |
| 8. | Павлинка Цонева | |
| 9. | Катица Лазовска | |
| 10. | Инека Мостерман | |
| | **КООРДИНАТОР Лидија Панова Стојановска** | **Учење и настава** |
| 11. | Билјана Васиќ | |
| 12. | Татјана Ивановска | |
| 13. | Елена Тасевска | |
| 14. | Соња Јовановиќ Крстевска | |
| 15. | Ирена Миновска | |
| 16. | Оливер Кузмановски | |
| | **КООРДИНАТОР Билјана Васиќ** | **Поддршка на учениците** |
| 17. | Вилма Поповиќ | |
| 18. | Јана Трајковска | |
| 19. | Ирена Пешевска | |
| 20. | Ирина Велјановска | |
| 21. | Николина Младеновска | |
| | **КООРДИНАТОР Тања Поповска- Грујовски** | **Училишна клима и односи во училиштето** |
| 22. | Елена Јурттутан | |
| 23. | Благица Блажевска Богдановска | |

| | | |
|---|---|---|
| 24. | Маја Штимац | |
| 25. | Елена Стојилковска | |
| 26. | Предраг Трајковски | |
| | **КООРДИНАТОР**<br>**Ана Накова** | **Ресурси** |
| 27. | Ѓорѓи Ристески | |
| 28. | Вања Тимковска | |
| 29. | Ленче Кузмановска | |
| 30. | Јасмина Драгеска | |
| 31. | Даниела П. Саздовска | |
| 32. | Анета Мицковска | |
| | **КООРДИНАТОР**<br>**Снежана Трајковска** | **Управување, раководење и креирање на политика** |
| 33. | Искра Алексиевска | |
| 34. | Маја С. Станковска | |
| 35. | Емилија Јаничиќ | |
| 36. | Билјана Ивановска | |
| 37. | Весна Чижбаноска Трифуновска | |

**Лична карта на училиштето**

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | ООУ “Киро Глигоров” - Скопје |
| Адреса, општина, место | ул.„ Адам Мицкиевиќ “ бр.14 – Скопје |
| Телефон | 02 6142-744 |
| Фах | 02 6142-745 |
| е-маил | oоukirogligorov@yahoo.com<br>contact@ooukirogligorov.edu.mk |
| Веб страна | **www.ooukirogligorov.edu.mk** |
| Основано од | 3.09.2019 |
| Верификација- број на актот | Решение бр.12-9357/2 од 26.08.2019 год. од Министерство за образование и наука |
| Година на верификација | 2019 |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски |
| Година на изградба | 2019 |
| Тип на градба | тврда |
| Површена на објектот | 12.100м2 |
| Површина на училишниот двор | 4.100м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 2050 м2 |
| Училиштето работи во смена | прва |
| Јазик на кој се реализира наставата во училиштето | Македонски |
| Број на паралелки | 27 |
| Број на одделенија | 9 |
| Начин на загревање на училиштето | парно греење |
| Број на смени | една |

# 2. Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата

За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е да се согледаат **условите** во кои училиштето работи, **процесите** кои се одвиваат во него како и **резултатите** и **постигнувањата** на училиштето. Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување и индикатори за квалитет.

**(табеларен приказ)**

| Подрачја на вреднување | Индикатори на квалитет |
|---|---|
| **1.Наставни планови и програми** | Реализација на наставните планови и програми;<br>Квалитетот на наставните планови и програми;<br>Воннаставни активности;<br>Планирање на наставниците; |
| **2. Постигнувања на учениците** | Постигнувања на учениците;<br>Задржување/осипување на учениците; Повторување на учениците; |
| **3. Учење и настава** | Планирања на наставниците; Наставен процес;<br>Искуства на учениците од учењето;<br>Задоволување на потребите на учениците; Оценувањето како дел од наставата;<br>Известување за напредокот на учениците; |
| **4. Поддршка на ученици** | Севкупна грижа за учениците; Здравје;<br>Советодавна помош за понатамошно образование на учениците;<br>Следење на напредокот; |

| | |
|---|---|
| **5. Училишна клима и односи во училиштето** | Училишна клима и односи во училиштето; Промовирање на постигнувањата;<br>Еднаквост и правичност;<br>Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница; |
| **6. Ресурси** | Сместување и просторни капацитети; Наставни средства и материјали;<br>Обезбедување на наставниот кадар; Следење на развојните потреби на наставниот кадар;<br>Финансиско работење во училиштето; |
| **7. Управување раковедење и креирање на политики** | Управување и раководење со училиштето;<br>Цели и креирање на училишната политика; |

## 2.1 Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата

**(табеларен приказ)**

| **ТЕХНИКИ** | **ИНСТРУМЕНТИ** |
|---|---|
| НАБЉУДУВАЊЕ | СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА |
| АНКЕТИРАЊЕ | АНКЕТИ<br>ПРАШАЛНИЦИ |
| ИНТЕРВЈУ | РАЗГОВОРИ (ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ) |
| СКАЛИРАЊЕ | СКАЛИ, ГРАФИЧКИ (ДЕСКРИПТИВНИ И НУМЕРИЧКИ) |
| АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ, дневник за работа,извештаи,записници и сл. | ЧЕК ЛИСТИ |

## 2.2 Нивоа на оствареност

**Нивоата на оствареност** содржат јасни и прецизни описи на постигнувањата кај поединечните **индикатори** во рамките на одредено **подрачје на вреднување**. Врз основа на меѓународните искуства вреднувањето на оствареното се врши на три нивоа (многу добро, делумно задоволува и не задоволува).

- ***Ниво 3*** - со **многу добро** се вреднуваат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни со мал број на слаби страни кои значително не влијаат врз севкупниот квалитет на работење на училиштето.

- ***Ниво 2*** - со **делумно задоволува** се вреднуваат аспекти од работата кои имаат бројни јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои имаат влијание врз квалитетот на работењето на училиштето и треба да се надминат.

- ***Ниво1*** - со **не задоволува** се вреднуваат аспекти од работата каде постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето или надвор од него.

# 3. Подрачја на вреднувања

## 3.1 Наставни планови и програми

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**-Реализација на наставните планови и програми**
**-Квалитет на наставните планови и програми**
**-Вонаставни активности**

### *Реализација на наставните планови и програми*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Наставни планови и програми донесени од МОН<br><br>Годишни глобални и тематски планирања<br><br>Дневни планирања на наставниците<br><br>Годишна програма на училиштето<br><br>Дневник на работа<br><br>Записници од родителски совет | **Применувани наставни програми**<br>Наставните планови и програми во нашето училиште се реализираат целосно според однапред утврдени прописи од страна МОН. Во учебната 2021/2022 година во прво и четврто одделение се стартуваше со новата концепција со која се обезбеди суштинскиот предуслов за постигување на целта на наставата а тоа е продлабочено и смислено учење базирано на критичко мислење и логичко заклучување. Концепцијата се потпира на инклузивноста, родовата сензитивност/ рамноправност и интеркултурноста како клучни принципи. Таа директно е поврзана со Националните стандарди за основно образование што ги даваат насоките кон кои треба да се стреми целокупната организација и реализација на воспитно-образовниот процес во |

| | |
|---|---|
| Записник од<br><br>Училишен одбор<br><br>Проширена програма на училиштето | основните училишта.<br>Наставниот план според новата концепција содржи задолжителни предмети, изборни предмети и други активности понудени од училиштето, распределени по одделенија и по број на часови неделно и годишно.<br>Применуваните наставни плнови и програми се во согласност со донесените и одобрените програмски документи од МОН. Нашето училиште во целост ги реализира истите. Врз реализацијата на наставните планови и програми влијаат на наставниците со тоа што ги интегрираат наставните содржини по одредени предмети, со примена на активна настава-интерактивно учење, со проектни активности-интерни или екстерни, со современи наставни форми, методи и техники на проучување.<br>За реализација на наставните планови и програми сите наставници на почетокот од секоја учебна година изготвуваат глобални, годишни, процесни, месечни, тематски планирања, согласно законскиот рок ги доставуваат до стручната служба на училиштето. Наставниците изготвуваат и дневни оперативни планови, во кои има и цели за деца со ПОП и изработуваат ИОП во соработка со дефектологот.<br>Во распоредот на редовни часови, вметнати се и часови од додатна и дополнителна настава по секој предмет, и истиот е истакнат на видно место во училиштето.( На огласна табла, наставничка канцеларија). Сите наставници според потребите на учениците ја планираат додатната и |

| | |
|---|---|
| | дополнителната настава, редовно ја одржуваат и часовите ги запишуваат во дневниците на паралеките.<br>Дневните планирања секојдневно се изработуваат во е-верзија. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.<br><br>**Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето на родителите се спроведува на почетокот на учебната година на состанокот со родителите, огласна табла, преку изготвување на брошура, преку веб страната на училиштето, а исто така се посочува и веб страната на БРО.<br>Наставниците на почетокот на учебната година изготвуваат Годишни /тематски планирања во кои се наведени наставните цели по критериуми и стандарди на оценување кој им го презентираат исто на родителите и учениците на првата родителска средба на почетокот на учебната година. |

| | |
|---|---|
| | Доколку во наставните планови и програми има измени за истите наставниците се запознаваат на семинари организирани од страна на МОН и БРО.<br>**Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби**<br>Училиштето посветува особено внимание на инклузијата на децата со посебни образовни потреби. Наставниците имаат посетено обуки за работа со деца на кои им се потребни посебни образовни потреби и приоди. Секој наставник кој во својата паралелка има ученик со пречки во равојот има изработено ИОП за работа со деца со посебни образовни потреби. Во учебната 2022/2023 година во училиштето учат вкупно 6 ученици со посебни образовни потреби за кои е издаден наод и мислење од надлежна институција.<br>За работата со овие ученици училиштето има формирано инклузивен тим составен од седум члена, со Одлука, заведена со број 02-387/ 02 од 31.8.2020 година. Инклузивниот тим во соработка со родителите/старателите, за пет ученика со посебни образовни потреби изработува индивидуален образовен план за работа и за еден ученик изработува модифицирана програма со учество на специјален едукатор – дефектолог. Неколку ученици кои не работат според ИОП и немаат наод за попреченоста согласно нивните барања работат со училишниот дефектолог. Најголем број од наставниците работат со деца со ПОП според прилагодени наставни програми, |

| | |
|---|---|
| | според адаптирани наставни цели по наставните предмети во соработка со стручните соработници, општинските дефектолози и родителите. Диференцираниот пристап е карактеристичен при работа со децата со посебни образовни потреби. Општина Центар во работата со учениците со ПОП, во учебната 2022/2023 година за два ученика обезбеди лични асистенти, а останатите четири ученика работат со асистентите од ресурсниот центар ,,Иднина”.<br>**Избор на слободни изборни предмети**<br>Со изборните наставни предмети во основното училиште, на учениците им се дава можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Изборот на предмети се врши според спроведени анкети во месец мај.<br>Учениците бираат два слободни изборни предмети во текот на една учебна година – еден за првото и друг за второто полугодие. Предметите што ученикот ќе ги избере за тековната учебна година мора да припаѓаат на различни категории. Исто така, во текот на еден образовен период, ученикот не може два пати да избере ист предмет, освен ако не се работи за предмети од иста област кои се на различно ниво (на пример, Програмирање 1 и Програмирање 2).<br>Постапката за избор на изборни предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците самостојно да вршат избор на наставни предмети според нивните интереси и потреби.<br>Учениците вршат избор на наставни предмети според наставниот план и програма добиени од БРО со претходно информирање од страна на училиштето на родителските состаноци со помош на анкетни листови. Таков избор вршат сите ученици без разлика на полот и етничката припадност.<br>Предметите што се нудат како избор на учениците се избрани согласно кадровските можности на училиштето<br>**Планирање активности за реализација на слободните часови/проектни активности на училиштето**<br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, Општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Учениците и наставниците работат и на проекти од еколошка природа. Преку учеството и активностите во организираните секции, училиштето редовно ги афирмира личните постигања на учениците и училиштето.<br>Училиштето планира и реализира ученички екскурзии и излети како една од формите на воннаставна активност. При планирањето и |

| | |
|---|---|
| | подготовката на истите училиштето доследно ги почитува одредбите од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта.<br><br>Сите реализирани активности на учениците се објавуваат на веб страната и фејсбук страната на училиштето.<br><br>**Реализација на проширени програми**<br>Училиштето реализира проширени програми, почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. Училиштето ги почитува законските обврски и можностите и потребите на учениците и родителите. Има изготвено проширена програма за прифаќање и заштита на учениците, еден час пред започнувањето и еден час по завршувањето на наставните часови како и продолжен престој. Вклучувањето на учениците во продолжен престој е во согласност со родителот, а почитувајќи ги притоа можностите и потребите на учениците.<br>Наставниците изработуваат програма за воннаставни активности. Програма за додатна настава имаат изработено сите наставници и се реализираат проширени програми со талентирани и надарени ученици и реализирање на ученички екскурзии во соработка со локалната управа.<br><br>Во училиштето се изготвува и програма за деца со посебни потреби, за професионална ориентација, како и за ученици кои се подготвуваат за натпревари. |

| | |
|---|---|
| | Сите оделенски наставници кои водат целодневен престој имаат изработено соодветна програма за таа активност. |

## *Квалитет на наставните планови и програми*

| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| --- | --- |
| **Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и учениците;**<br><br>**Записници од одржани родителски средби;**<br><br>**Записници од училишниот одбор,советот на родители и стручните органи на училиштето;**<br>**Брошури**<br><br>**Интернет страницата на училиштето** | **Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала**<br><br>Мултиетничката интеграција претставува приоритет во нашето училиште и има преземено активности кои успешно се реализираат. Училиштето во Годишната програма има изработено Програма за Меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Училиштето има потпишано два меморандума со две партнер училишта: ООУ ,,Свети Кирил и Методиј” с. Кучевиште - Скопска Црна Гора и ,,Мустафа Кемал Ататурк” - Општина Центар Жупа. Во таа насока во 2020 година склучено е партнерство со ООУ „Свети Кирил и Методиј” с. Кучевиште - Скопска Црна Гора, Скопје. Преку виртуелна училница оствaривме контакт, меѓусебно запознавање на учениците од двете училишта и постигнавме успешна соработка. Реализиравме активности за меѓуетничка интеграција во рамките на училиштето со учиниците од мешан етнички состав но и со останати ученици кои изразија желба да учествуваат во проектот. Активностите се реализираат вон наставата преку креативни работилници (музичка работилница, ликовна, медијатека) со учениците од одделенска настава. Второто партнерство во 2021 година е склучено со училиштето ,,Мустафа Кемал Ататурк” - Општина Центар Жупа. Нашето училиште во партнерство со нив аплицираше на проект ,, Градиме мостови” поддржан од OSCE каде учениците работеа на онлајн заеднички активности со лего елементи и работа на таблети во програмата Screach. Учениците добија можност за продлабочување на своите знаења, но и можност за создавање на нови пријателства. Соработката и заедничките активности ќе продолжат и во наредните две години.<br><br>Најголем дел од наставниците во училиштето се обучени и сертифицирани за реализација на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и во соодржините од секој наставен предмет имаат |

| | |
|---|---|
| | планирани МИО и МИМО активности.<br><br>**Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>Училиштето има успешна соработката со локалната заедница која се одвива преку активностите кои се планирани во програмите на Детската организација, Јавната и културна дејност на училиштето и Советот на родители во училиштето. Успешно ги реализиравме активности и соработки со општина Центар, БРО соработка со писатели, ликовни уметници, соработка со Црвен Крст и ЕКО друштва, здравствени установи, полиција, спортски активности учество во детски списанија, приредби, посета на споменици од минатото.<br><br>**Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br>Во училиштето постои интеграција на меѓупредметните цели посебно во оделенска настава, а целите од еко -проектот се опфатени од сите наставници.<br>**Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми**<br>Училиштето, на родителските средби ,транспарентно ги информира родителите за Наставниот план и програма кој ќе се реализира во текот на учебната година |

## *Воннаставни активности*

| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
|---|---|
| **Разговор со директорот**<br><br>**Разговор со ученици, наставници и родители**<br><br>**Педагошка евиденција и документација**<br><br>**Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**Полугодишен и годишен Извештај од работата на училиштето**<br><br>**Програма за дополнителна и додатна настава**<br><br>**Список на ученици вклучени во воннаставни активности**<br><br>**Освоени награди на** | **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br><br>Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, когнитивен, социо-емоционален, психомоторен, кариерен (професионален) и друг развој.<br><br>**Опфатеност на учениците со воннаставни активности**<br><br>Учениците се вклучени во воннаставните активности според сопствен избор. Групите се хетерогени и обезбедуваат градење соживот меѓу учениците. Во училиштето постојат примери за вклучување на учениците со ПОП во воннаставните активности. Учениците учествуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа за воннаставните активности.<br><br>**Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности**<br><br>Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност кои се прилагодени според индивидуалните потреби и можности на учениците. Во воннаставните активности се вклучени и учениците со ПОП.<br><br>**Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**<br><br>Учениците од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации каде што постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на ниво на општина, град и држава и имаат освоено пофалници, дипломи и признанија. |

| | |
|---|---|
| **Натпревари**<br><br>**Анкета**<br><br>**Web страна на училиштето**<br><br>**Разговор со стручна служба**<br><br>**Записници од работата на Училишната заедница** | |

## Клучни јаки страни:

- Училиштето го има обезбедено сите наставни планови и програми на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности. Истите се реализираат во пропишаниот обем.
- Во соработка со училишниот дефектолог, одделенските наставници имаат изработено ИОП-и за учениците со ПОП .
- Стручната служба ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата;
- Примена на разновидни наставни методи и форми на работа за успешна реализација на настаните содржини;
- Постапката за слободни изборни предмети се спроведува според насоките од водичот за Слободни изборни предмети издаден од БРО 2021 година. Не постои родова и етничка поделеност во училиштето;
- Наставниот кадар користи разновидни техники и методи со кои ги препознава и води грижа за образовните потреби на секој ученик. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите;
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.
- Учениците учествуваа на градски, општински и државни натпревари, каде освоија многубројни награди.
- Наставниците имаат позитивен и професионален однос кон учениците и родителите.




**Слаби страни:** Поголема вклученост на учениците во планирањата и во изборот на воннаставните активности



**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

Училиштето да изготви план и стратегија како да ги поттикне учениците на поголема вклученост и учество на училишниот парламент при реализацијата на вонаставните (слободни) и вонучилишни активности.

## 3.2 Постигања на учениците

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- **Постигања на учениците**
- **Задржување/осипување на учениците**
- **Повторување на учениците**

### *Постигања на учениците*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Дневник на паралелките;**<br><br>**Евидентни листови за успех и поведение;**<br><br>**Прегледи за успех од тромесечие;**<br><br>**Записници од Наставнички совет и Одделенски совети;** | **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, според наставни предмети, квалификациони периоди**<br>Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.<br>Средниот успех во последните две |

| | |
|---|---|
| **Записници од стручни активи;**<br><br>**Анкети со *н*аставници, родители и ученици;**<br><br>**Годишна програма за работа и Извештај за работа на училиштето;**<br><br>**Извештаи од стручна служба;**<br><br>**Споредбени прегледи од резултати од оценувањето;**<br><br>**Разговор со стручна служба;**<br><br>**Програма за додатна и дополнителна настава;** | учебни години е одличен. Во учебната 2021/2022 година средниот успех на учениците е 4,95, во учебната 2022/2023 година е 4,92 . Според анализите во изминатите две учебни години, нема отстапување на средниот успех на учениците.<br>**Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава.**<br>Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области. Додатната настава интензивирано се реализира пред учеството на учениците на натпревари.<br>Учениците редовно учествуваат на организирани натпревари на општинско, регионално и државно ниво и имаат освоено значителен број награди, пофалници, пехари и дипломи.<br>Во учебната 2022/2023 година учениците освоиле 60 награди на општински натпревари, 46 награди на регионални натпревари, 3 награди на државни натпревари.<br>Најмногу награди се освоени по |

| | |
|---|---|
| | наставните предмети математика, природни науки , англиски јазик и биологија.<br>Голем број од наставниците се консултираат со стручните соработници за подобрување на постигањата на учениците.<br>**Следење на постигањата на учениците**<br>Следењето на постигањата на учениците е континуирано и разработено во компаративните анализи од еден во друг циклус на образование во училиштето.<br>Преку сеопфатниот увид во постигањата на учениците проверени преку интерни тестирања, училиштето планира и превзема активности за подобрување на постигањата на учениците.<br>Промовирање на постигањата на учениците се врши преку доделување на награди и признанија -пофалници на патрониот празник на училиштето, на одредени манифестации во организација на општината, со учество во емисии на националните телевизии и други медиуми и промовирање преку веб страната на општината и веб страната на училиштето.<br>**Следење на постигања на** |

| | |
|---|---|
| | **учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование**<br>Училиштето континуирано ги следи постигањата<br>на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образованието. |

## *Задржување / осипување на учениците*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Податоци и извештаи од психолошко / стручни соработници;**<br><br>**Податоци од одделенски раководители одделенски дневници;**<br><br>**Податоци од административна служба (секретарот ) и главна книга;**<br><br>**Програма за работа и Извештај за работа на училитето;**<br><br>**Списоци на деца од реонот на** | **Опфат на ученици**<br><br>Училиштето има изградена политика за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. На почетокот на учебната 2022/2023 во прво одделение се запишале 107 ученици. Вкупниот број на запишани ученици од I до V одделение, во учебна 2022/2023 година изнесува 488 ученици; вкупниот број на ученици од I до IX во учебната 2022/2023 година изнесува 674 ученици .<br>**Редовност во наставата** |

| | |
|---|---|
| **училиштето;**<br><br>**Известувања МОН и ДПИ;**<br><br>**Интервју со стручната служба;** | Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности.<br>-Се врши едукација на учениците од страна на класните раководители за важноста на континуирано следење на наставата од страна на учениците.<br>- Постојани контакти постојат на класните раководители со родителите на учениците кои отсуствувале од наставата за причините на нивното отсуство.<br>-Задолжително барање на медицинска белешка за потврдување на причините поради кое ученикот не бил во можност да ја следи наставата.<br>Во учебната година 2021/2022 година вкупниот број на изостаноци изнесува 11435 изостаноци од кои 20 се неоправдани. Во учебната 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци е 17020 изостаноци, од кои 16911 се оправдани и 109 неоправдани **.**<br>**Споредбени податоци со претходните учебни години .** |

| Изостаноци | 2021 22 | 2022/23 |
| --- | --- | --- |
| **Оправдани** | **11 435** | 16 911 |
| **Неоправдани** | 20 | 109 |
| **Вк.изостаноци** | **11 455** | **17 020** |

Училиштето води редовна и уредна евиденција за изостаноците на учениците. Има политика на бележење и следење на изостанувањата. Од анализите што ги водат стручните соработници за последните две учебни години, може да се констатира дека се зголемува бројот на оправдани изостаноци во одделенска настава , најчесто ради болест претежно во прво и второ одделение.

**Преминување на учениците од едно училиште во друго**

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и за истото води педагошка евиденција и документација согласно законските прописи.

## Повторување на учениците

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Увид во педагошка евиденција и документација;**<br><br>**Записник од наставнички совет**<br>**Годишен извештај за работа на училиштето;** | **Ученици кои не ја завршиле годината**<br><br>Во нашето училиште 100% од учениците го завршуваат образовниот циклус. Од разгледаната документација евидентно е дека повторување на ученик нема. Учениците со послаб успех во текот на годината се повикувани на дополнителна настава. Со родителите на тие ученици е разговарано и се информирани за слабостите и пропустите во стекнување на знаењата. Тие ученици ги поправиле слабите оценки и го подобриле успехот на крај од годината. |

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Клучни јаки страни:**

- Секој наставник во текот на целата учебна година ги следи постигнувањата на учениците. Води индивидуален дневник во кој ги бележи сите активности од страна на учениците.
- Наставниците планираат и превземаат конкретни активности за постојано подобрување на постигањата на учениците.
- Постоењето на процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби.
- Во училиштето се следи и анализира редовноста на учениците.




**Слаби страни:**

/



**Идни активности:**

**Приоритетни потт (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**
Наставниците во текот на наставата можат да користат повеќе методи и техники во процесот на оценување и самооценување на ученикот со цел да дадат поддршка и поголема соработка со учениците во остварување на постигањата.

## 3.3 Учење и настава

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- **Планирање на наставниците**
- **Наставен процес**
- **Искуства на учениците од учењето**
- **Задоволување на потребите на учениците од наставата**
- **Оценување како дел од наставата**
- **Известување за напредокот**

## *Планирање на наставниците*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Годишни, тематски планирања и дневна подготовка (Проверка на навременоста на изготвување на годишните планирања, проверка на навременоста на реализирање на тематските планирања);** | **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручната служба.<br>Наставниците ги планираат и средуваат планирањата на почетокот на учебната година и истите се доставуваат до педагошката служба. Оперативните планови за наставен час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручната служба.<br>Најмалку два пати во учебната година се следат планирањата на наставниците од директорот и стручната служба. |

| | |
|---|---|
| **Разговор со директор, стручна служба, наставници;**<br><br>**Записници од состаноците на стручните активи;**<br><br>**Прашалник за наставници;**<br><br>**Прашалник за родители;**<br><br>**Прашалник за ученици;** | |

| | |
|---|---|
| | **Распоред на часови**<br><br>Распоредот на часови и за предметна и за одделенска настава се изготвува од страна на наставник по математика. Тој е направен според просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места во училиштето. Истиот се реализира според предвидената динамика и според утврдените потреби на учениците. |

## Наставен процес

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Инструмент за следење на планирањата и подготовката на наставниот час;**<br><br>**Инструмент за следење на изведбата на наставниот час;**<br><br>**Инструмент за следење на водењето и текот на наставниот час;**<br><br>**Посета на час;**<br><br>**Годишни, тематски, дневни планирања;** | **Наставни форми и методи**<br>Наставниците користат ресурси и различни приоди за учење и настава. Најголемиот број наставници се обучени за примена на нови образовни технологии во наставата и истите ги употребуваат. За реализација на наставниот процес се користат бесплатно одобрени учебници од МОН и дополнителна литература кои се доставени во училиштето и за кои се води уредна евиденција.<br><br>**Употреба на ИКТ во наставата**<br><br>Во Годишните планирања најголем број на наставници имаат планирано реализација на наставни содржини со примена на ИКТ.<br><br>Реализацијата на часовите е најчесто преку СМАРТ табли и лаптопи во секоја училница.<br><br>Наставниците се обучени за нови образовни технологии во наставата ( Microsoft Teams) и истата успешно беше реализирана за време на пандемијата со корона вирусот. |

| | |
|---|---|
| **Годишна програма за работа на директор и педагог;**<br><br>**Интервјуа со наставници и ученици;** | |

| | |
|---|---|
| **Сертификација на наставници;**<br><br>**Прашалник за наставници**<br><br>**Прашалник за ученици**<br><br>**Прашалник за родители** | **Избор на задачи, активности и ресурси**<br><br>Наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. За време на часовите наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат.<br><br>Во училиштето застапена е интерактивна настава. Учениците активно се вклучени во процесот на учење. При посета на часовите констатирани се разновидни форми, методи и современи наставни техники кои овозможуваат интеракција на релација наставник-ученик и ученик-ученик. Интеракцијата е застапена на часовите за усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата, која се согледува праку користење на наставни ливчиња, решавање проблемски ситуации и слободна размена на мислење.<br><br>**Приодот на наставникот кон учениците**<br><br>За време на часовите , наставниците ги охрабруваат учениците да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци. Исто така со учениците се однесуваат на начин што промовира почит, соработка и разбирање. |

| | |
|---|---|
| | **Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br><br>Во училиштето застапена е интерактивна настава. Учениците активно се вклучени во процесот на учење. овозможуваат интеракција на релација наставник-ученик и ученик-ученик..<br><br>Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без притоа да се прави разлика во однос на нивниот пол, социјалното потекло, како и нивната етничка припадност. Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување на напредокот на учениците.. Наставниците редовно им даваат на учениците повратна информација за нивната работа, напредок и постигнувањата.<br><br>**Следење на наставниот процес**<br><br>Училиштето има интерна процедура (протокол) за следење на наставниот процес која нуди систематизираност и ефективност. Директорот на училиштето и стручните соработници редовно го следат работењето на наставниците. Имаат изготвено писмена процедура за следењето и водат посебна евиденција која се бележи во изготвен формулар за следење на час |

## *Искуства на учениците од учењето*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Прашалник за ученици; Прашалник за родители; Прашалник за наставници; Кодекс за однесување;** | **Средина за учење**<br><br>Средината за учење поттикнува доволно интерес за учење во стимулативна и пријатна атмосфера. Училишниот простор е уреден со ученички трудови, постигања, информации, паноа за подучување и др. Пред училниците од одделенска настава има информативно пано за учениците и родителите.<br><br>**Атмосфера за учење**<br><br>На учениците им се допаѓа средината за учење (истото го потврдуваат и нивните родители во анкетните прашалници, но и на родителските средби и на индивидуалните разговори со родители).<br><br>Тие сметаат дека начинот на кој што учат во училиште е интересен и го сакаат училиштето. Тие се задоволни како наставниците им помагаат на учениците да го подобрат своето учење и дека повторно ги обработуваат наставните содржини кои не се разбрани доволно**.**<br><br>Сите наставници се трудат да ги идентификуваат различните образовни потреби на учениците и при тоа имаат поддршка од директорот и стручната |

| | |
|---|---|
| | служба. Различните потреби на учениците во врска со учењето се задоволуваат преку натпревари, квизови, интерактивни и интегрирани активности, презентации, учење по диференцијални нивоа.<br><br>**Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br><br>Голем број на ученици сметаат дека во училиштето учат работи кои им се корисни во животот . Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти со другите ученици, во групи и тимски. |

## *Задоволување на потребите на учениците*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Прашалник за ученици;**<br><br>**Прашалник за родители;**<br><br>**Прашалник за наставници;**<br><br>**Разговор со ученичката заедница,** | **Идентификација на образовните потреби на учениците**<br><br>Идентификувањето на проблемите на учениците во текот на наставната година се следи системски. Наставниот кадар, специјалниот едукатор и рехабилитатор заедно со педагогот на почетокот на учебната година ги идентификуваат и препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење и преземаат активности за нивно отстранување.<br><br>Во училиштето има повеќе ученици со посебни образовни потреби, како и ученици со потешкотии во учењето кои се интегрирани во редовната настава со другите ученици и за нив се изработуваат посебни програми според нивните потреби и можности за работа. |

| | |
|---|---|
| **наставниците;**<br><br>**Увид во евиденцијата на стручната служба;**<br><br>**Дневници за одделенска и предметна настава;**<br><br>**Годишна програма за работа на директор и педагог;**<br><br>**Годишен извештај за работата на училиштето;** | **Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br><br>Редовно се врши поттикнување на послабите ученици да учат и да го достигнат својот максимум. Најголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со цел учениците да научат најмногу што можат. Наставниците кон сите ученици се однесуваат еднакво, независно од полот , социјалното потекло, етничка припадност. Според дел од испитаниците кога детето има потешкотии во учењето наставникот му обезбедува соодветна помош и поддршка. Голем број ученици сметаат дека наставниците им помагаат како да го подобрат своето учење и дека наставниците повторно ги обработуваат содржините кое не се рабрани добро. |

## *Оценувањето како дел од наставата*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Програма за работа на училиштето;**<br><br>**Стандарди за оценување;**<br><br>**Увид во педагошка евиденција и документација;**<br><br>**Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, бодовни листи, чек листи);**<br>**Примери на оценети ученички трудови;**<br><br>**Прашалници за ученици и наставници;**<br><br>**Евиденција на наставници за остварени средби и** | **Училишна политика за оценување**<br><br>Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Критериумот на оценување на постигањата на учениците е според стандардите за оценување со кои учениците се запознаени по повеќето наставни предмети.<br><br>**Методи и форми на оценување**<br><br>Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците .Наставниците користат разновидни методи за оценување. Се применуваат: чек листи за оценување на постигањата на учениците, наставно ливче, усна повратна информација, портфолија, писмена работа, контролен тест, тестовите на знаење на крајот од наставните теми и друго. Оценката е сумативна од сите компоненти а оценувањето е транспарентно и континуирано. Сите наставници применуваат формативно и сумативно оценување.<br><br>Наставниците не прават разлика помеѓу |

| | |
|---|---|
| **соработка со родители;** | учениците по пол, етничка припадност и социјален статус<br><br>Учениците добиваат повратна информација од наставниците за нивните постигања. |
| **Листи за следење и вреднување на работата наставникот за оценувањето на постигањата на учениците** | Поголемиот број од испитаниците сметаат дека наставниците во наставата користат разновидни форми и модели на поучување кои соодветуваат со потребите на учениците и нивните стилови на учење и дека во процесот на оценувањето наставниците ги вклучуваат учениците т.е. го почитуваат мислењето на учениците. Исто така сметаат дека оценувањето е реално и објективно.<br><br>Според учениците наставниците ги охрабруваат самостојно и критички да размислуваат и дека редовно го проверуваат нивното знаење. |

## *Известување за напредокот на учениците*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Распоред на приемни денови за сите наставници;**<br><br>**Увид во педагошка евиденција и документација;**<br><br>**Евиденција на наставниците за остварени средби со родители;**<br>**Записници од родителски средби;**<br><br>**Записници од состаноци на родителите претставници на родителските одбори;**<br><br>**Листи за следење и вреднување на работата наставникот за оценувањето на постигањата на учениците;** | **Известување на родителите за напредокот на учениците**<br><br>Информирањето на родителите за напредокот на секое дете се врши преку утврден систем за известување кој означува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајки и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, односно редовни и вонредни родителски средби и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите.<br><br>Редовните родителски средби се одржуваат по однапред утврден ред на кои родителите се запознаваат со општиот успех на учениците, дисциплината и однесувањето на учениците како и информации на родителите во врска со тековни прашања. По интерес на родителите може да се разгледа и поединечниот успех на учениците. Родителите добиваат пишани извештаи и евидентни листови со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на |

| | |
|---|---|
| **Електронски дневник;**<br><br>**Педагошката евиденција и документација;**<br><br>**Прашалник за наставници; Прашалник за родители; Прашалник за ученици;** | детето. Вонредни родителски средби се одржуваат кога за тоа ќе се јави посебна потреба. Индивидуалните средби се одржуваат по иницијатива на наставникот, педагогот, директорот или по иницијатива на самиот родител.<br><br>Стручната служба-педагогот ја реализира и Програмата за советување родители, чии деца покажуваат послаби резултати, неоправдано отсуствуваат или асоцијално се однесуваат. Секој наставник има определен термин за консултативни, поединечни средби со родителите и тоа најмалку еден час седмично. Е – дневникот се води уредно. Наставниците користат различни форми и модели на подучување кои со соодветуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. |

# РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО УЧЕЊЕ И НАСТАВА

**Клучни јаки страни:**

- Наставниците користат разновидни форми и методи кои соодветуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење.
- Со учениците се однесуваат на начин кој промовира почитување, помош, соработка и почитување.
- Наставниците користат различни инструменти и методи за оценување на напредокот на учениците .
- За време на часовите учениците се охрабрени да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци
- Наставниците кон сите ученици се однесуваат еднакво независно од полот, социјалното потекло и етичката припадност



**Слаби страни:**

/

**Идни активности:**

- Училиштето ќе продолжи да изнаоѓа разни активности со кои ќе ги поттикнуваат наставниците да користат современи методи и техники во процесот на оценувањето .На овој начин учениците ќе си го самооценат својот труд,а воедно ќе стекнат доверба и партнерство со наставниците и ќе бидат свесни за својот напредок во учењето.

## 3.4 Поддршка на учениците

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- **Севкупна грижа за учениците**
- **Здравје**
- **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**
- **Следење на напредокот**

### *Севкупна грижа за учениците*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Програма за работа на директорот;**<br><br>**Програма за работа на стручната служба;**<br><br>**Записници (евидентни листи) од индивидуалните разговори со учениците и со родителите;**<br><br>**Увид во педагошката евиденција;**<br><br>**Увид во просторните капацитети и увид на час;**<br><br>**Податоци за организирана** | **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>Училиштето има пропишани мерки и активности со кои се грижи за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и нивниот престој во училишниот двор. Учениците користат заштитна опрема при реализација на наставните содржини за стекнување практични вештини. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат (шахти, штекери, скали, лизгави површини и сл.) се посебно означени и учениците се свесни за нивното присуство и се информирани за можните опасности. Не е доволно безбеден влезот на училиштето, од причина што улицата пред училиштето е прометна и брзо се |

| | |
|---|---|
| **исхрана на учениците;**<br>**Интервјуа со наставниците, родителите и учениците;**<br>**Евиденција и известувања од училиштето за учениците со емоционални, физички и социјални проблеми;**<br>**Досие на ученикот;**<br>**Годишна програма за работа на училиштето;**<br>**Програма за работа на тимот за инклузија и акционен план;**<br>**Програма на тимот за намалување на насилството во училиштето;**<br>**Распоред за дежурства на наставниците;** | вози. Но затоа се поставени безбедносни столбчиња , пешачки премини за безбедно преминување на улиците  и сообраќајни знаци за предупредување на возачите кои означуваат пешаци и ученици на патот, училиште во близина  и пешачки премини на патот.<br>Во училиштето има 31 противпожарни апарати и истите редовно се сервисираат (договор за сервисирање 03-04-081) и 22 хидранта. Училиштето има ангажирано обезбедување, има поставено видео надзор, извршено мерење на громобранова инсталација и инсталирано интернет мрежа и телефонска врска.<br>Училишниот двор во училиштето е ограден и хортикултурно уреден. Училиштето го осигурало училишниот објект ( полиса за осигурувањена имот бр. 08000016208) постојат и осигурителни полиси за вработени (полиса бр.ОР00736591) и учениците ( полиса бр. ОР-00718231-407 и ОР00719829-5).<br>Во училиштето има обучено лице кое поседува сертификат за давање прва помош на ученици при несреќни случаи и училиштето располага со пакет средства за прва помош.<br>Училиштето има Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди, кој содржи планирани активности како работилници, трибини и предавања и е составен дела на Годишната програма за работа. Постои план за евакуација со шематски приказ кој се наоѓа на видливо место во училиштето. Училиштето има изведена симулација за постапување во случај на елементарна непогода со сите субјекти. |

| | |
|---|---|
| **Кодекс на однесување на наставниците и учениците;** | Во месец септември, на ден 09.09.2020 година се реализираше обука на наставниците за заштита од пожари, елементарни непогоди и се спроведе вежбовна активност, во организација на ПП сервис-С9, а потоа се изготви План за евакуација и |

| | |
|---|---|
| **Правилник за заштита и спасување од елементарни непогоди;**<br><br>**Годишна програма за работа на педагогот;** | спроведување вежби и се спроведе вежбовна активност со учениците и наставниците.<br>**Превенција од насилство**<br>Во училиштето има Куќен ред и Правилник за однесување на сите структури. Истите се истакнати на видливи места , во ходниците на училиштето. Со нив се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците и родителите. Училиштето во соработка со наставниците и родителите го дополни Правилникот за однесување за учениците, наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор (Куќен ред). Правилникот беше предложен и усвоен од Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор.<br>Приоритетна задача на училиштата, како и на сите други институции кои се грижат за децата е создавање на услови за безбедно растење, развој и заштита на децата од насилство. Во училиштето се превземаат превентивни мерки за справување со појавите на сите видови на врсничко насилство.(соработка со СВР-Скопје превенција,Црвен Крст)<br><br>Правилникот за однесување на наставниците, учениците и родителите се презентира секоја учебна година на првиот училишен ден и на родителски средби, а неговата одржливост се постигнува со постојано насочување на учениците кон неговите начела.. Вработените ја следат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат |

| | |
|---|---|
| | чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. За таа цел соработуваат меѓусебно со родителите, стручните соработници и со релевантни институции. Училишниот педагог и Тимот за превенција од насилство реализира со учениците работилници за превенција од насилство, разрешување конфликти, работилници за развивање на емоционалната интелегенција и креативно мислење. Наставниците се обучени и за реализација на проектот ОЖВ и истиот го планираат во своите годишни програми, тематски и дневни планирања и го спроведуваат задолжително на одделенските часови. Преку овие работилници учениците се запознаени со своите права и начинот како да постапат при нарушување на истите. Работилници и советувања со учениците кои манифестираат разни облици на несоодветно однесување, неоправдани изостаноци и слаб успех, организира и реализира педагогот според својата годишна програма и програмата за намалување на насилството во училиштето. За постоењето на помош од стручната служба, учениците се информираат уште во почетокот на учебната година од страна на одделенските раководители на одделенскиот час, а родителите на родителските средби и Советот на родители. За решавање на разни проблеми на децата, стручната служба разговара и со родителите, спроведува работилници и програма за советување на родители кои се пропишани со закон. За ученици за кои постои сомневање дека се физички или психички злоупотребени, известувањето се врши преку наставникот кој го забележал тоа или има |

| | |
|---|---|
| | сознанија од други ученици до одделенскиот раководител, кој го упатува до училишниот педагог (каде добива стручна помош или пак ученикот се упатува во соодветна институција на локалната заедница, а воедно се контактира и разговара и со родител/старател на ученикот). Ваквиот пристап му помага на ученикот полесно да ги надмине последиците и да ги согледа причините.. Доколку има несоодветно однесување од страна на ученици на Наставничкиот совет им се изрекува соодветна педагошка мерка. Училиштето има изработено Програма за превенција од насилство, која ја спроведува тимот и наставниците. Преку остварената соработка со МВР секоја година се спроведуваат работилници за заштита на децата во сообраќајот, превенција од насилство со учениците од I до IX одделение. Во училиштето се вршат едукативни предавања и работилници за превенција од насилство и на одделенските часови. Конфликти кој се јавуваат кај учениците во училиштето се надминуваат преку разговорите со оделенските раководители, родителите, стручните соработници, предметните наставници и други институции. Заштита на учениците во училиштето е насочена кон безбедно следење на наставата во просториите. Најголем број наставници и родители и поголем број ученици го одбираат тврдењето дека училиштето е безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина за реализација на наставата и престој на учениците.Училиштето го применува Правилникот за изрекување на Педагошки мерки. |

| | |
|---|---|
| | **Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>Училиштето има стратегија за едуцирање на учениците за опасностите и штетноста од пушењето, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. За таа цел во училиштето во соработка со служби од надлежните институции, се организираат и одржуваат работилници и трибини на кои се потенцира штетноста на овие средства. Во внатрешноста на училишната зграда и во училишниот двор има истакнато плакати и постери со кои се забранува внесување и користење на алкохол, цигари, дрога и други наркотични средства во училишните простории Во училиштето не е дозволено пушење и пиење на алкохол. Не се регистрирани случаи на психичко и физичко малтретирање и не постои меѓунационално нетрпиение меѓу учениците. |

| | |
|---|---|
| | **Квалитет на достапна храна**<br>Училиштето има организирана исхрана за учениците во училиштето и дневниот престој. Редовно се проверува квалитетот на храната од релевантни институции. Досега не е забележана појава на труење на ученици од храна. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.<br>**Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br>Училиштето има пропишани процедури кои се однесуваат за грижа кон учениците со пречки во развојот и ученици со физичка попреченост. Училиштето соработува со родителите, со ресурсните центри и другите релевантни институции и организации обезбедувајќи грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Училиштето има развиени механизми за поттикнување на соучениците во давањето помош и водењето грижа за овие ученици. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Во училиштето има лифт за движење меѓу спратовите. Просторот во ходниците и во училниците е широк и светол и овозможува непречено движење на сите ученици. Инвентарот во училниците е соодветен на потребите на учениците и постои приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост што е достапен за нивна употреба. |

| | |
|---|---|
| | Во однос на стратегијата за идентификација на надарените и талентирани ученици и организирањето на додатната настава, дел од наставниците поминаа обука за работа со надарени и талентирани ученици преку студиски посети на земји од европската унија. Извршена е дисеминација на наставниот кадар.<br><br>**Грижа за ученици од социјално загрозени семејства**<br>Во училиштето еден ученик е добитник на социјална стипендија што ја доделува општина Центар.Други евидентирани ученици од социјално загрозени семејства во моментов нема.<br><br>Во случај на вонредни социјални материјални потреби кај семејствата,училиштето преку советот на родители им обезбедува поддршка и помош преку спроведување на хуманитарни акции или обезбедување на надворешна финансиска помош. Училиштето соработува со локалната заедница и други институции кога е во прашање помош за социјално загрозени ученици.Севкупната грижа на училиштето за учениците е добра. |

## *Здравје*

| Извори на податоци | Добиени информации |
| --- | --- |
| **Закон за основно образование;**<br><br>**Програма од Образование за животни вештини;**<br><br>**Увид во просториите на училиштето и училишниот двор;**<br><br>**Анкета со родители и ученици;**<br><br>**Записници од надлежни органи за хигиена;**<br><br>**Куќниот ред на училиштето;** | **Хигиена и заштита од болести**<br><br>Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето секојдневно воспитно и образовно делува посочувајќи им на учениците и на вработените како да ја одржуваат хигиената во просториите во кои претстојуваат. Учениците и вработените се грижат и ја одржуваат хигиена во просториите. Подот на училниците, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат секојдневно, пред почетокот на наставата, по големиот одмор и по заминувањето на учениците . Инвентарот, вратите и прозорците во училишниот простор се чистат според распоред на неделно и месечно ниво. Тоалетите за учениците и наставниците секојдневно се чистат и хигиената во истите е задоволителна. Дворот на училиштето е чист, а еден дел е хортикултурно уреден.<br>Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Грижата за здравјето на учениците е внимателно планирана и опфатена во Годишната програма за работа на училиштето.<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа и |

| | |
|---|---|
| **Правилник за организација и систематизација на работите и работните задачи;** | ги фрлаат отпадоците во нив. Редовно се врши дезинфекција, дератизација и дезинсекција на целото училиште за оние ученици кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. |
| **Извештаи од систематски прегледи;** | Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи и имунизација на учениците и систематски прегледи на вработените. Училиштето соработува со Медицински центар и Завод за здраствена заштита за преземање на епидеимилошки мерки и дополнителна едукација за здраствено воспитување на учениците и родителите по одредени прашања од ова подрачје. Во училиштето редовно се спроведуваат активности со цел да се влијае на развивање еколошка свест кај учениците. Во просториите на училиштето и во училишниот двор поставени се корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да селектираат отпад. |

| | |
|---|---|
| | Согласно воспоставените ЕКО – стандарди, во училиштето спроведени се точки на акција со содржини - Грижа за здравјето на учениците. Содржините се однесуваа на правилна исхрана, избор и квалитет на храна, разбирање на пирамидата на исхрана, упатства за користење здрава храна, влијание на храната врз здравјето на децата и слично.<br>**Грижа за ученици со здравствени проблеми**<br>Секоја учебна година редовно се вршат здравствени, систематски прегледи на учениците и наставниците. |

## *Советодавна помош за понатамошно образование на учениците*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Записници од работилниците;**<br><br>**Записници од родителските средби;**<br><br>**Анкети и интервјуа со учени- ците и со родителите;** | **Советодавна помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br>Во училиштето се реализира настава во паралелки до деветто одделение. На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното школување во основното образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија.<br>Училиштето превзема конкретни активности за професионална ореиентација на учениците. Се организираат презентации од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците ќе се запознаат со условите и критериумите за упис во средно образование. Сите активности се планираат навремено, а нивната цел е учениците правилно да се информираат и ориентираат запознавајчи се со можностите кои ги нудат средните училишта, занимањата и струките, местополжбата на училиштето во градот. Преку овие активности учениците поддржани од своите наставници си ги откриваат своите интереси и желби каде сакаат да го продолжат своето школување и на |

| | |
|---|---|
| | кој начин треба да аплицираат. Според законот за основно образование и Годишната програма за работа на училиштето, изготвена е програма за Професионална ориентација.<br><br>.<br>. |

| | |
|---|---|
| **Записници од индивидуални разговори со родителите и со учениците;**<br><br>**Записници од состаноци на тимот за инклузија;** | **Грижа за ученици со емоционални потешкотии**<br>Во училиштето во Годишната програма за работа, има планирано процедури за рано откривање и работа со ученици со емоционални проблеми.<br>Проблемите од овој вид кај децата се откриваат при упис во прво одделение и преку разговори со нив, посета на часови, разговори со родителите и наставниците.<br>Учениците се информирани дека можат да се обратат на стручните соработници доколку се соочаат со емоционални проблеми (развод на родителите, болест во семејството, трауми од конфликти и насилство во семејството).<br>Стручната служба е професионално подготвена да им помогне на учениците и/или на родителите во вакви ситуации. Да ги упати до релевантните институции. Училиштето има редовна соработка со соодветните институции, како што се здравствените установи, МКФ, Центарот за социјална работа, Ресурсен центар „Иднина“, МВР и други.<br>Со овие ученици се работи индивидуално, во група, а по потреба се вклучуваат и родителите. |

## *Следење на напредокот*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Извештаи и анализи;**<br><br>**Педагошка евиденција и документација;**<br><br>**Евиденција на премин на ученици (преводници и др.);**<br><br>**Записници од разговорите со наставниците и со стручната служба;** | **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Своите согледувања ги евидентираат по тримесечја,на полугодие и на крајот на учебната година. Ваквата евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици.<br>Училиштето во базата на педагошка евиденција и документација, располага со докази ( евидентни листови ) за секој ученик. Уредно и континуирано се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските / класните раководители. На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех.<br>**Анализа на напредокот на учениците по паралелки**<br>Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи за напредокот на учениците по паралелки и години. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и на раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно - -образовниот процес . |

| | |
|---|---|
| | евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици.<br>Училиштето во базата на педагошка евиденција и документација, располага со докази ( евидентни листови ) за секој ученик. Уредно и континуирано се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските / класните раководители. На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех.<br>**Анализа на напредокот на учениците по паралелки**<br>Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи за напредокот на учениците по паралелки и години. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и на раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно - -образовниот процес .<br>Преминувањето на учениците во друго училиште се спроведува согласно законот за основно образование.<br>Училиштето применува законски постапки со договорени процедури при што доставува податоци за учениците кои преминуваат во друго училиште и има податоци за учениците кои доаѓаат од друго<br>училиште. |

# РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Клучни јаки страни**

- Училиштето претставува безбедна и стимулативна средина за учење и работа, безбедноста, хигиената и грижата за здравјето на учениците и вработените е на високо ниво;
- Училиштето има прилагоден пристап за лица со телесни пречки, инфраструктурата во училиштето и дел од просториите се специјално опремени за нивно користење;
- Училиштето има Сензорна соба за престој и работа на ученици со пречки во развој.
- Наставниците во училиштето континуирано ги следат постигнувањата на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди, планираат и преземаат конкретни активности за постојано подобрување на успехот на учениците и обезбедуваат поддршка во редовната настава за талентираните и надарени ученици, но и за учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал.
- Училиштето системски го следи почитувањето на кодексот на однесување на учениците и вработените, редовноста, дисциплината и поведението во текот на воспитно – образовниот процес.
- Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските/класните раководители и родителите на учениците. Родителите транспарентно се информирани за постигањата на учениците ( на родителски или индивидуални средби или со пристап во е - дневникот).
- Училиштето организира активности кои го поддржуваат моделот за меѓуетничка комуникација, соработка и толеранција помеѓу учениците
- Во училиштето се даваат јасни и точни информации за целокупната настава.
- Приоритетна задача на училиштето,во координација со институциите на локалната самоуправа е превземање на активности за безбедност и заштита на учениците од секаков вид на насилство.
- Примена на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување издадено од МОН




**Слаби страни**

/



**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Потреба од поголема грижа за менталното здравје на учениците
- Со зголемување на бројот на ученици во училиштето имаме потреба од зголемување на стручниот тим за поддршка на учениците со работно место психолог

## 3.5 Училишна клима и односи во училиштето

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- **Училишна клима и односи во училиштето**
- **Промовирање на постигањата**
- **Еднаквост и правичност**
- **Партнерски однос со родителите со локалната и деловната заедница**

| | |
|---|---|
| **Годишна програма на училиштето;**<br><br>**Годишен извештај на училиштето;**<br><br>**Кодекс на однесување ;**<br><br>**Куќен ред;**<br><br>**Анкети со наставници, родители и ученици;**<br><br>**Педагошка евиденција за изречените педагошки мерки во одделенскиот дневник и записници од наставнички совет;**<br><br>**Евиденција на стручните службени извешти;**<br><br>**Статут на училиштето Правилник за оценувањето,напред ува њето,** | закони. Наставниците преку користење на позитивни приоди и современи методи, активно учење, пофалби, индивидуален пристап и други методи се стремат кон зголемување на мотивацијата кај учениците. Сето тоа овозможува развој на позитивни вредности на личноста .<br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учествуваат во различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер. Угледот и имиџот на училиштето го подигнуваат и медиумите каде се известува за разновидни активности што се случуваат во истото.<br>Училиштето постојано презема мерки за подобрување на здравјето на учениците и на нивната безбедност преку организирање на систематски и стоматолошки прегледи на учениците, вакцинации, предавања, трибини, соработки, презентации на теми од областа на здравјето, здравствени проблеми и заштита.<br>Училиштето ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја подржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Сите ученици се чувствуваат прифатени во училиштето.<br>Според евиденцијата на стручните служби се гледа дека во училиштето нема проблеми со одржување на редот и дисциплината, што истовремено е и резултат на соработката со родителите и учениците. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки и води политика на навремено справување со евентуално несоодветно однесување на учениците.<br>Според записниците од одржаните состаноци и годишниот извештај на училиштето, се согледува дека ученичката<br><br>заедница работи според однапред утврдена програма и учениците се навремено и целосно информирани и се вклучени во |

| | |
|---|---|
| **полагањето на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците;**<br><br>**План за работа на одделенската заедница;**<br><br>**План за работа на Ученичката ззазаедница; Записници од одржани состаноци на Ученичката заедница;**<br><br>**Записници од Наставнички совети;** | донесување на одлуки од нивен интерес.<br><br>Угледот и имиџот на училиштето од повеќе аспекти се истакнува во локалната средина и пошироко на регионално и републичко ниво. Училиштето се стреми кон посакуваната цел, полека, но сигурно да стане препознатливо не само во регионот туку и пошироко. |

## *Промовирање на постигањата*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Годишен и полугодишен извештај на училиштето;**<br><br>**Изложени трудови на учениците;**<br><br>**Пано со пофалби и награди;**<br><br>**Медиумско промовирање ;** | Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците исто така имаат големи очекувања од самите себе и од другите, имаат аспирации за повисоки постигања на ниво на училиште.<br><br>Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање.<br><br>Нашето училиште води политика за поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално |

| | |
|---|---|
| **Анкетни листови за родители, наставници, ученици;**<br><br>**Годишна програма за работа на училиштето;**<br><br>**Изложени трудови на учениците;**<br><br>**Паноа со дипломи, награди;**<br><br>**Примери на промовирани активности во медиумите за постигањата на уче- ниците;**<br><br>**Интернет страница; Педагошка евиденција и документација во однос на** | и национално ниво.<br><br>Училиштето дава голем поттик за напредување на сите ученици и нивно промовирање во различни области, како што се ликовни и литературни конкурси, еколошки хепенинзи и други манифестации на кои нашите ученици се промовираат себеси како и нашето училиште.<br>Името на нашето училиште е гордост за сите вработени наставници и ученици, а тоа се согледува преку желбата за учество на натпревари, добивање награди од повеќе области од училишниот живот, се со цел да се задржи рејтингот на училиштето кој е голем.<br><br>Еко - активностите во училиштето постојано се промовираат.<br><br>За тоа е добитник на грант од фонд за иновации. |

| | |
|---|---|
| **вклученоста на учениците во воннаставните активности;** | |

## *Еднаквост и правичност*

| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
|---|---|
| **Педагошка евиденција, структура на паралелките;**<br><br>**Наставни програми и проекти по предметите во кои се изучуваат содржини поврзани со мултикултурализмот**<br><br>**Анкети со ученици, родители и наставници;**<br><br>**Програма за работа на стручната служба;**<br><br>**Годишна програма за работа на училиштето и годишен статистички извештај;**<br><br>**Извештаи за реализирани** | Стручната служба, наставниците и сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Наставниот кадар и стручната служба ги поттикнуваат учениците да ги знаат и практикуваат своите права и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. За време на одделенските часови, општество и историја, преку разни трибини, како и на редовните состаноци на Детската организација и Училишната заедница, се вложуваат огромни напори учениците да се информираат за своите права и обврски. На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите од кои постојано се бара соработка и им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски. Училиштето е подготвено да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права и во согласност на потребите тоа и го прави. Наставниците од I до IX одделение редовно ги користат содржините од наставните програми за да ги промовираат на суптилен начин еднаквоста и правичноста како вредности кон кои треба да се стремат учениците.<br>Училиштето настојува да има еднаков и правичен третман на своите ученици. Сите тие без оглед на својата национална припадност подеднакво учествуваат во наставните и воннаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини. Сите ученици, без разлика на возраста, полот, социјалниот статус, етничката припадност, религија, уживаат еднакви |

| | |
|---|---|
| **активности поврзани со проектот за меѓуетничка интеграција;** | права. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, како и кон учениците со посебни потреби кои се активно вклучени во наставата, но и во воннаставните активности и работата со компјутери.<br>Наставниците истовремено и стручно се усовршуваат за работа со деца со посебни потреби. На тој начин, покрај успешната инклузија на учениците со посебни потреби, паралелно се одвива и процес на инклузија - наставници и стручна служба. Училиштето води грижа и стручно да го оспособи наставниот кадар за препознавање и работа со  талентирани и надарени ученици.<br>За учениците со посебни образовни потреби одделенските и предметните наставници изработуваат индивидуални образовни планирања кои се приложени како дел од наставните програми по одделни предмети.<br>За работа со надарени талентирани ученици се изврши дисеминација на наставниот кадар од обучени наставници кои стекнаа обука преку проект на ЕУ.<br>Наставниците ќе изготват програма за работа со надарени и талентирани деца во наредната учебна 2023/24 година.<br>Во училиштето има и сензорна соба за стимулација, интеграција и учење на ученици со попреченост и потешкотии во учење.<br>Праведноста се создава и со објективно и транспарентно оценување. Успешното оценување на ниво на училиштето се должи и на посетените семинари за формативно и сумативно оценување, етички кодекс при оценувањето, а станардите за оценување наставниците ги приложуваат во рамките на нивните годишни |

| | |
|---|---|
| | планирања.<br>При реализација на својата програма, стручната служба придонесува учениците да научат да ги препознаваат и да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст. Во училиштето се почитуваат половите разлики, социјалното и културното потекло.<br>Во нашето училиште постојано се води грижа за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот иако бројот на ученици од различно етничко потекло е многу мал. Континуираниот процес за унапредување на меѓуетничката интеграција резултира со однос (меѓу учениците) кој е исполнет со толеранција и разбирање. |

| | |
|---|---|
| | Мултикултурните разлики се предмет на дискусија на часовите по речиси сите предмети во рамките на кои се изучуваат содржини поврзани со мултикултурализмот. Преку истражување на различните обичаи и изложување на трудовите на учениците се промовира разбирање и прифаќање на различноста меѓу народите.<br>И покрај тоа што во училиштето наставата се изведува само на македонски наставен јазик, сите вработени, заедно со учениците се вклучени во промовирање и прифаќање на мултикултурализмот.<br>Во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, создадена е и програма за МИО во годишната програма на училиштето и акционен план за спроведување на МИО активности.<br>Тимот кој е задолжен за спроведување на проектот за меѓуетничка интеграција учествува на сите активности поврзани на оваа тема. Па така, овој тим беше активен учесник на повеќе работилници и средби. Покрај тимот кој е задолжен за спроведување на проектот за меѓуетничка интеграција, активно се вклучени и поголемиот дел од наставниците. Со спроведување на интегрирани часови по сродни наставни предмети на ниво на стручните активи, како и од содржините што ги изучуваат преку изборните предмети учениците ги запознаваме со различните култури кај нас. Училиштето ги користи сите можни стратегии за да овозможи соработка и разбирање помеѓу различните религии како и отфрлање на<br>сите можни предрасуди кон оние што се „различни“ од нас.<br>Нашето училиште ги реализираше планираните активности од проектот „Градиме и програмираме мостови со Lego и microbit ‟. Проектот е финансиран од Фондот „ Градиме |

| | |
|---|---|
| | мостови “- OSCE кој поддржува интеграција на различни етникуми во Р.С. Македонија. Според препораките од МОН активностите се реализираа онлајн во партнерство со училиштето ООУ „Мустафа Кемал Ататаурк“, Центар Жупа. Завршниот настан од проектот се реализираше во нашето училиште, на кое освен гостите од партнерското училиште присуствуваа и претставници од општина Центар и МОН, со запазување на сите протоколи во време на пандемија.<br><br>Добивме финансиска поддршка од МОН како одговор на конкурсот на кој аплициравме со заеднички проект ,, ВЕЗ ДО ВЕЗ – ТРАДИЦИЈА, ЗБОР ПО ЗБОР – ЗАЕДНИЧКА ЕДУКАЦИЈА " на отворениот повик на Министерството за образование и наука за доделување на грантови за основните училишта, кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата. Активностите кои ќе бидат поддржани со грант, ќе се реализираат во партнерство со училиштето „Св.Кирил и Методиј “ село Кучевиште ,Општина Чучер Сандево , Скопје со кое нашето училиште има потпишано меморандум за соработка. |

## *Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Извештај за работа на училиштето;**<br><br>**Записници од совет на родители и родителски средби;**<br><br>**Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор;**<br><br>**Увид во веб страната на училиштето;**<br><br>**Анкетни листови за родители, наставници, ученици;** | Соработка на училиштето со родителите е перманентна, транспарентна и јавна. Родителите се поттикнуваат да се вклучат во образованието на своите деца и редовно се консултираат при донесување на Годишната програма за работа на училиштето, но и за сите други проблематики кои се од интерес на нивните деца. Соработката на училиштето со родителите се остварува преку повеќе форми: индивидуални средби, задолжителни родителски средби, отворен ден за соработка, вклучување на членови во Советот на родители, со членување во Училишен одбор и друго. За родителите и другите надворешни соработници има приемен ден за посета, разговор, односно соработка со одделенскиот раководител, предметните наставници, психологот, педагогот, директорот и секогаш се води евиденција кои посетители доаѓаат и со каква намера заради безбедноста на учениците.<br>Родителите на учениците кои пројавуваат несоодветно однесување навремено се повикувани на психолошко советување. Учениците преку ученичката заедница се вклучени во донесување на одлуки од нивен интерес. Во училиштето постои професионална соработка помеѓу вработените која придонесува за постоење на добра атмосфера, која се пренесува на родителите и посетителите во училиштето. За реализација на некои содржини и предавања се вклучуваат родители, стручни за |

| | |
|---|---|
| | соодветната област и се вклучуваат во организирање |

| | |
|---|---|
| | обуки за соработка со училиштето. Организирана форма на делување на родителите е Совет на родители. Советот по потреба одржува состаноци на кои се запознаваат со целите и задачите за работа,активностите кои ги планира училиштето и дава идеи и предлози за одредени прашања за унапредување на воспитно - образовната работа.<br>Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проект и слично. Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Во соработка со Општина Центар се реализираа активности под наслов ,,Под едно знаме” во кое се презентираа специфичните карактеристики на различните етникуми кои живеат во Р.С. Македонија. Беше снимено  и кратко видео за потребите на проектот, кое беше промовирано за патрониот празник на училиштето на нашата фејсбук страна.<br>Училиштето активно учествува со невладини организации, иститути од областа на културата, здравствените домови, Црвен крст.<br>Училиштето соработува со дневниот центар за Церебрална парализа преку организирање на работилници. |

# РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ПОДРАЧЈЕТО УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## Клучни јаки страни:

- Меѓусебното почитување и разбирање како меѓу наставниците, така и меѓу наставниците, учениците и останатиот персонал;
- Училиштето ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја подржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;
- Соработката со родителите е на завидно ниво;
- Училиштето го поттикнува прифаќањето и промовирањето на мултикултурализмот, успешно го реализира проектот за меѓуетничка интеграција;
- Училиштето ги промовира јавно своите постигнувања и активности како преку разни манифестации, така и преку медиумите.
- Во училиштето се негува хуманоста и солидарна помош кон ученици од социјално загрозени семејства.
- Училиштето соработува со: МОН, БРО, ДИК, Општина Центар, МВР, детска амбасада Меѓаши, медиуми, други училишта итн.
- Се почитува и спроведува кодексот на однесување меѓу ученик- наставник- психолог- директор-и останатите вработени
- Постои меѓусебна соработка со локалната самоуправа при реализирање на разни активности;
- Се води грижа за усмерување на учениците за правилен избор на понатамошно образование - професионален развој на учениците.
- Училиштето има постојано добра соработка со родителите.
- Соработката со локалната заедница,деловната заедница и невладиниот сектор е на високо ниво.




## Слаби страни:

- Недоволна иницијативност и предлози од страна на учениците за вклучување во вонаставните активности и подобрување на работата на училиштето.



# Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

Училиштето да изготви план и стратегија како да ги поттикне учениците на поголема вклученост и учество на училишниот парламент при реализацијата на вонnаставните (слободни) и вонучилишни активности

## 3.6 Ресурси

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- **Сместување и просторни капацитети**
- **Наставни средства и материјали**
- **Обезбедување на потребен наставен кадар**
- **Следење на образовните потреби на наставниот кадар**
- **Финасиско работење на училиштето**

## *Сместување и просторни капацитети*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Годишна програма за работа; Непосреден увид;**<br><br>**Распоред на часови; Полугодишен и годишен извештај;**<br><br>**Записници од работата на стручните активи;** | **Просторни услови**<br><br>Училиштето се наоѓа во централното градско подрачје. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот. Училишниот објект е од типот тврда градба со вкупна корисна површина **12.100 м$^2$**. Просторот со кој располага училиштето ги задоволува потребите на учениците и на сите вработени во училиштето. Училишната зграда се состои од приземје и два ката.<br>Училиштето располага со:<br>● 19 училници,<br>● 7 кабинети,<br>● 4 помошни простории за наставни средства и помагала<br>● 1 сензорна соба<br>● 1 библиотека<br>● 1 наставничка канцеларија, |

| | |
|---|---|
| | ● 8 канцеларии (директор, стручни соработници, секретар/домаќин, просторија за технички персонал)<br>● 1 ботаничка градина<br>● 1 кујна со трепезарија<br>● 1 спортска сала.<br>**Искористеност на просторните капацитети**<br>Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи располжливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. |

## *Наставни средства и материјали*

| Извори на податоци | Добиени информации |
| --- | --- |
| **Годишна програма на училиштето;**<br><br>**Записници од стручни активи;** | **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br><br>Училишната библиотека располага со вкупно 1108 примероци на книги, лектирни изданија и детска литература. Со тоа се утврдува потребата од богатење на училишната библиотека со стручна, странска и педагошка литература. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците и наставниците во текот на целиот училишен ден.<br><br>Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала<br>е на задоволително ниво. Училиштето преку |

| | |
|---|---|
| | анкетирање на наставниците, ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, па соодветно на тоа и согласно буџетските средства се врши набавки на истите.Преку проектот на МОН за модернизација на образованието училиштето се опреми со потребните наставни средства и во моментов располага со следните наставни средства и помагала (реквизити)<br>Смарт табли - 26<br>Таблети – 8<br>Десктоп компјутери – 8<br><br>Агломер<br>Шестар дрвен<br>Вага за еднаквост<br>Модел на куб<br>Модел на цело- дропки<br>Вертикален бројач<br>Вртливо тркало со рачка со цела револуција од 1м<br>Модели на 3Д форми за определување на плоштина<br>Сет модели на 3Д форми за пресметување волумен<br>Сет за геометрија составен од дрвен шестар, агломер и 2 триаголници<br><br>Основен сет за електроника<br>Динамометар<br>Основен сет за магнетизам<br>Електрично решо со 1 рингла<br>Коса рамнина, со можност за менување агол на наклон, модел за определување на триење на телата.<br>Челична метална лента-метро 3m<br>Комплет за демонстрации од оптика (замена за Хартлова плоча)<br>Вага ( со точност +/- 0,01g)<br>Дигитална вага ( со точност +-1g)<br>Сет од мин. 8 тегови со вкупна тежина од 1000 g<br>Сет од мин. 7 тегови со вкупна тежина од 500 g и пинцета за пренесување<br>Сет од мин. 10 тегови со две куки |

| | |
|---|---|
| | Сет од мин.7 тегови со една кука со различна тежина<br>Комплет за електростатика<br>Електроскоп<br>Електростатска (инфлуентна) машина или Ван дер Графов генератор<br>Магнет во форма на потковица<br>Магнет во форма на прачка<br>Магнет во форма на игла, со постоље<br>Железни струготини 30g<br>Сет од звучни виљушки со разни фрекфенции<br>Резонатор виљушка 400 Hz<br>Осцилоскоп<br>Прибор за спроведување топлина (кондукција)<br>Модел или вага за демонстрација на Архимедов закон<br>Сет од мин. 4 коцки за демонстрација на специфична тежина<br>Сет од мин. 5 цилиндри за демонстрација на специфична тежин<br>Ротирачка стега<br>Мензури од 25 ml ,50 ml, 100 ml, 500 ml<br>Стаклени лабораториски чаши 1000 ml, 200 ml, 100 ml (<br>Електричен бокал<br>Демонстратор на Паскалов закон- модел за демонстрација на дејствување на еднаков притисок во сите насоки.<br>Сет од мин.4 пружини со различна крутост (во било кој опсег од 0.5N до 14N)<br>Шублер<br>Дигитални термометри<br>Лабараториски термометар -алкохолен од -10° C до +150° C<br>Амперметар- уред за мерење јачина на струја<br>Волтметар- уред за мерење електричен напон<br>Дигитални мултиметри<br>Галванометар<br>Кабли за поврзување електрично коло, 35см<br>Кабли за поврзување електрично коло, 50см<br>Сет од 10 адаптери за штипки-крокодилки (алигаторки)<br>Кутија за демонстрација на намалувањето/зголемувањето отпорноста на колото<br>Модел за покажување на работниот принцип на електричното ѕвонче.<br>Модел на единечен прекинувач, ножест |

| | |
|---|---|
| | Модел на двоен прекинувач<br>Светилка 6V / 0,30W / E10,<br>јасно<br>LAMP 6V/0,30W/E10, CLEAR<br>Куќиште за светилка<br>Отпорник 47 Ω, со куќиште и приклучоци за жица<br>Отпорник 100 Ω, со куќиште и приклучоци за жица<br>Модел за електромагнет составен од два калема на У-метален дел<br>Динамометри, 1 N, 2 N, 5 N, 10 N<br>Комплет за демонстрација на промени на хидростатички притисок<br>Уред за демонстрација на трансформација на енергија од еден во друг вид<br>Дидактички ласер во комплет со статив и 3V напојување.<br>Сет од мин. 7 различни призми<br>Ласерски покажувач, црвен (~650nm), зелен (~530 nm), син (~405 nm) ~5 mW<br>Постер со мерни единици во SI систем<br><br>Шпиртна ламба<br>Мензури,инки,пипети,епрувети<br>Микроскопски сет<br>Периоден систем<br>Канти за лабораториски отпаден материјал 3 L<br>Противпожарен апарат согласно регулативата во РСМ и сандаче со песок<br>Кутија со прибор за прва помош со содржина согласно DIN 13157<br>Таблица на периодниот систем на елементите – постер<br>Епрувети од лабораториско стакло со обрач на врвот (160 mm x 16 mm)<br>Епрувети од лабораториско стакло со обрач на врвот (200 mm x 25 mm)<br>Лабораториска чаша, градуирана,лабораториско стакло, зафатнина, 100 cm3<br>Лабораториска чаша, градуирана,лабораториско стакло, зафатнина, 250 cm3<br>Лабораториска чаша, градуирана,лабораториско стакло, зафатнина, 500 cm3<br>Мензура изработена од лабораториско стакло, зафатнина 50 cm3<br>Мензура изработена од лабораториско стакло, зафатнина 100 cm3 |

| | |
|---|---|
| | Мензура изработена од лабораториско стакло, зафатнина 250 cm3<br>Мензура изработена од лабораториско стакло, зафатнина 500 cm3<br>Саатни стакла d=80 mm<br>Одделителна инка, цилиндрична,стакло, градуирана,100 mL<br>Стаклени инки<br>Безбедносна запалка на плин<br>Стаклени цевки дијаметар 6 mm, должина 50 cm,<br>Стаклени цевки дијаметар 8 mm, должина 50 cm,<br>Стаклени цевки дијаметар 10 mm, должина 50 cm,<br>Стаклени прачки<br>Димензии: Дебелина 1 cm и должина 15 cm.<br>Градуирани пипети<br>Пумпици за пипетирање од природна гума<br>Ерленмаер 300 mL со широко грло, од изработен од лабораториско стакло<br>Капалки/Пастерови пипети 3 mL, пластични<br>Стаклена када 20 cm x 20 cm x 40 cm со дебелина на стакло мин. 6 mm<br>Стаклени шишиња за реагенси 500 ml, 1000 ml, 100 ml<br>Пластични шишиња за реагенси со тесно грло капацитет 100 ml, 500 ml<br>Стаклени шишиња за индикатори, од стакло, со пипета, зафатнина 100ml<br>Либигово ладило с<br>Стаклен сад за мерење<br>Порцелански здели<br>порцеланско аванче d=80 mm<br>толчник за аванче со пречник на глава 35-36 mm и должина 150 mm<br>Метален статив со прачка од хромиран челик,висина од 250mm,дебелина 12mm<br>Муфи за прачки<br>Клеми<br>Метален прстен за филтрирањ<br>Пинцета<br>Пинцета, тапа, права, однерѓосувачки челик<br>Метален триножник<br>Метална мрежа за триножник поцинкувана<br>дрвена штипка за епрувети<br>Спиртна ламба<br>Лабораториски црева, проѕирни, отпорни на температура од -40ºC до + 80ºC<br>Гумени затки (со отвор низ кој може да помине |

| | |
|---|---|
| | цевка)<br>пластични затки за епрувети<br>Заштитни лабораториски очила со заштита против гребење<br>Електрично решо со една рингла<br>Термометар дигитален со заштитна пластика и проба за инсертирање(-40ºC до +200ºC.<br>Лупа со рачка<br>Филтерна хартија,  100/1<br>Сет од четки за миење лабораториски инструменти- мин. 3 големини<br>Безсиликонски вазелин за подмачкување стаклени спојки 100 ml<br>Боца прскалка од лабораториска пластика, зафатнина 250 ml<br>Пластична туба за дестилирана вода od 10L, градуирана,  со чеп<br>Модел на молекули<br>Заштитни ракавици отпорни на топлина и сеченици S (10),M (10), L(10)<br>Волуметриска тиквичка од 100 mL изработена од просирно лаб. стакло<br>Волуметриска тиквичка од 250 mL изработена од просирно лаб. стакло<br>Лабораториски мантил -големини M (10), L (10), XL(10)<br>Модел на скелет<br>Модел на цвет од грашок<br>Дигитален термометар<br>Лупа со лед светло<br>Лупа на сталак<br>Лупа со зголемување 10X<br>Дигитален апарат за мерење на крвен притисок<br>Папки за изработка на хербариум<br>Плутана табла<br>Магнетна табла<br>Микроскопски препарати- 25 слајдови за ботаника<br>Микроскопски препарати- 25 слајдови за зоологија<br>Микроскопски препарати- слајдови за бактерии<br>Микроскопски препарати- слајдови за хистологија<br>Предметни стакленца за користење под микроскоп<br>Покривни стакленца за користење под микроскоп<br>Лабораториски стаклени  чаши 100ml<br>Микропипета со микро волумен од 1000 µl |

| | |
|---|---|
| | Микропипета- макро модел од 2 ml.<br>Микропипета макро модел од 2,5 ml.<br>Микропипета- макро модели од 5 ml<br>Микропипета- макро модели од 10 ml.<br>Сет од 5 пипети<br>Инка стаклена димензии: 30мм<br>Инка стаклена димензии: 50мм<br>Инка стаклена 60мм<br>Инка стаклена димензии: 75мм<br>Инка стаклена димензии: 90мм<br>Сет со ножички<br>Пинцета Debackey<br>Пинцета Dressing<br>Скалпел<br>Еза (микробиолошка игла)<br>Држачи за епрувети<br>Шпиртна ламба<br>Термометри (стаклени, лабораториски)<br>pH метар<br>Инка стаклена димензии:40мм<br>Епрувети со тапа 18x180mm<br>Епрувети од боросиликатно стакло 15x150 мм, 16x160 мм и 25x200 мм<br>Епрувети со тапа 15x150mm, 20x200mm<br>Мензури Волумен: 200мл<br>Лабораториско шише за перење на гас 100ml, 150ml, 250ml и 500ml<br>Лабораториска игла<br>Петриеви садови со димензии 100 X 15мм разделени на 3 дела<br>Петриеви садови со димензија 100 X 15мм без разделител,во сет<br>Петриеви садови со димензија 100 X 15мм без разделител,поединечно<br>Метро лента<br>Дигитална вага (кујнска)<br>Модел на скелет на човек со крвни садови<br>Модел од око<br>Модел на кожа<br>Модел на растителна клетка<br>Модел на дигестивен систем<br>Модел на срце<br>Модел на репродуктивен систем кај жена<br>Модел на репродуктивен систем кај маж<br>Модел на респираторен систем кај човек<br>Модел на циркулаторен систем кај човек<br>Модел со пресек на бубрег<br>Модел на анатомија на лист |

| | |
|---|---|
| | Модел на цвет од праска<br>Модел на монокотиледони<br>Модел на дикотиледони<br>Модел на DNA<br>Модел на мозок<br>Модел на уво<br>Череп<br>Модел на заб<br>Модел на вилица<br>Географска карта на Европа<br>Географска карта на Свет<br>Географска карта на Северна и Јужна Америка<br>Синтисајзер-2<br>Кошеви - 2<br>Топки - 8<br>Јажиња - 4<br>Обрачи - 16<br>Душеци - 45<br>Коњ за гимнастика - 1<br>Разбој за гимнастика - 1<br>Отскочна даска - 2<br>Шведска даска - 1<br>Ниска греда за гимнастика - 1<br>Греда за гимнастика висока - 1<br>Рибстол за гимнастика - 7<br>Конструкција за морнарски скали и Јажиња - 4<br>Карики-1<br>Мрежа за мобилна одбојка-1<br>Јаже за гимнастика-8<br>Палки за штафета-16<br>Обрач за гимнастика-24<br>Конус за гимнастика-30<br>Стап за гимнастика-30<br>Топка медицинка -2кг.-5<br>Топки за одбојка-10, за кошарка-10, за фудбал-10, за ракомет-10<br>Геометриски тела дрвени-1 комплет<br>Геометриски плочки-1комплет<br>Школска вага и тегови за вага-1 комплет<br>Сет дрвени триаголници- 1комплет<br>Глобус-1<br>Човечко тело – торзо-1<br>Модел на дропки-1 |

| | |
|---|---|
| | Магнети во боја-1<br>Математички картички-1<br>Едукативни постери-3<br>Стапчиња за броење-1<br>Релјефна карта на Р.С. Македонија-1<br>Географска карта на Р.С.Македонија-1<br>Десктоп – компјутери - 9<br>Лап топ - 27<br>Прочистувачи на воздух - 15<br><br>Принтери -5<br><br>Наставниците и учениците имаат пристап до интернет, нашето училиште делумно поседува компјутери наменети за учениците што ја олеснува работата на наставниците.<br><br>Училиштето делумно располага со соодветни нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби.<br><br>**Потрошен материјал**<br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за непречена реализација на наставните и воннаставните активности, согласно со планот и програмата на училиштето. |

## *Обезбедување на потребниот наставен кадар*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Досиеа на вработени;**<br><br>**Програма за работа на стручната служба;**<br><br>**Годишна програма на училиштето;** | **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br><br>Вкупниот број на вработени во училиштето е 54 од кои 6 мажи и 48 жени.<br><br>Училиштето има доволен број на наставници за реализирање на воспитно- образовниот процес во редовните паралелки. Наставниот кадар во |

| | |
|---|---|
| | целост е квалификуван за одговорностите во наставата, а неговата работа е надополнета и од страна на административно – техничкиот персонал. Наставниот процес во училиштето го реализираат 44 наставници од кои 4 мажи и 40 жени.<br><br>По вид на образование 6 наставници имаат магистерски студии, 38 наставника се со високо образование. По етничка припадност 43 наставника се македонци и 1 наставник е србин.<br><br>**Стручната служба како поддршка на наставниот кадар**<br><br>Училиштето има стручна служба (училишен педагог и специјален едукатор и рехабилитатор) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. Училишниот дефектолог обезбедува поддршка на наставничкиот кадар и образовните и личните асистенти за работа со деца со посебни образовнипотреби.<br>Вработените го почитуваат работното време. Во училиштето се спроведува електронско |

| | |
|---|---|
| | евидентирање на работното време со картички.<br>Редовноста на техничкиот персонал и |

| | |
|---|---|
| | наставниот кадар ја следи директорот. Во случај на отсуство на некој наставник за еден ден се менува распоредот за пополнување на празните часови, а за повеќе денови со потешкотии се наоѓа наставник за замена на отсутниот наставник. |

## *Следење на образовните потреби на наставниот кадар*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Програма за професионален развој на наставничкиот кадар;**<br><br>**Професионално досие на наставник/стручен соработник;**<br><br>**Извештај од самоевалуација;**<br><br>**Програма за работа на менторот (програма за работа на менторот);**<br><br>**Анкети на училиштето за професионален** | **Професионален развој на наставниците**<br>Директорот и стручната служба континуирано во текот на годината вршат посета и набљудување на часови кај одделенските наставници и предметните наставници. За истото училиштето располага со соодветна документација. Училиштето има изготвено Програма за професионален развој на наставниот кадар. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието и МОН, како и обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани организиации. Наставниците учествуваа на семинари и обуки од Еразмус програмата и реализираат проектни активности од истиот проект.<br>Потребите на наставниците за професионалниот развој се следат и преку |

| | |
|---|---|
| **развој на** | планирањата и активностите на стручните активи. |

| | |
|---|---|
| **кадарот;**<br><br>**Листи од спроведени интерни обуки;** | Училиштето има добра пракса за дисеминирање на знаењето – организирање на интерни обуки.<br><br>Стручната служба континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите се евидентирани во Портфолијата за професионален развој на наставниците.<br><br>Работата на наставникот приправник ја следи наставникот ментор и стручната служба, кои даваат<br>соодветна и стручна помош. |

## *Финансиско работење во училиштето*

| Извори на податоци | Добиени информации |
| --- | --- |
| **Финансиски план;**<br><br>**Развоен план/програма;**<br><br>**Годишната програма за работа;**<br><br>**Записници од разговори со директорот/наставниците, УО** | **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br><br>Училиштето работи во согласност со законските норми за финансиско работење и раководството ги користи сите механизми за стекнување на дополнителни финансиски средства со кои се овозможува подобрување на условите за настава во училиштето, како и тековно одржување на училишната зграда и обезбедување за да се подобрат условите за престој во истата. |

| | |
|---|---|
| **Записници и одлуките наУО;**<br><br>**Записници од разговорите со Советот на родители и ученичката заедница;**<br><br>**Записници од разговори со ЕКО одборот;**<br><br>**Склучени договори,тендери за јавни набавки;**<br><br>**Понуди;**<br><br>**Програма на ученичката заедница;**<br><br>**Финансиски извештај;** | Финансиското работење на училиштето се контролира преку Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошење преку седници на Училишниот одбор, Наставнички совет и Совет на родители. Делот за материјални трошоци, комунални услуги и друго го покрива Министерство за финансии преку локалната самоуправа. Училиштето обезбедува средства преку издавање на фискултурната сала и училници за приватни часови по англиски јазик, програмирање, шах, Jumping Cley и часови по музичко. Исто така, финансиски средства се обезбедуваат и преку организирање на Новогодишен и Велигденски базар. За финасиското работење училиштето ја информира локалната самоуправа преку Годишниот извештај за финансиско работење. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина |

# РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО РЕСУРСИ

## Клучни јаки страни

- - Училиштето располага со соодветни простории и училници.
- - Планот на училишната зграда е според стандардот за изградба на животна средина, ИСО стандард и енергетски ефикасна;
- - Училиштето располага со стабилен интернет.
- - Се користи ИКТ во наставата, разновидни наставни средства и помагала.
- - Училиштето овозможува професионална и стручно усовршување на наставниот кадар развој на кадарот;
- - Стручните соработници во училиштето се отворени за соработка со учениците, родителите, наставниците и наставниот кадар.




## Слаби страни:

➢ Библиотеката делумно располага со соодветна  современа стручна педагошка литература ,како и литература и асистивна технологија за деца со ПОП .




**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Опремување на училишната библиотека со стручна педагошка литература преку соработка со универзитети, БРО,издавачки куќи и обезбедување на донации од истите.
- Потребно е поактивно вклучување на родителите во организација и реализација на разни манифестации и хуманитарни акции за собирање и донирање средства за збогатување на училишната библиотека со разновидна литература.
- Континуирана набавка на литература

## 3.7 Управување, раководење и креирање политика

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**Управување со училиштето**

**Раководење со училиштето**

**Цели и креирање на училишната политика**

*Управување со училиштето*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Статут на училиштето;**<br><br>**Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор;**<br><br>**Интервју со УО;** | **Управување со училиштето**<br>Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор. Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците и стручните соработници во училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот(назначен од Совет на Општина Центар).Според Законот за основно образование на седниците на УО присуствуваат и учествуваат во неговата работа, но без право на глас и двајца претставници од учениците избрани од ученичкиот парламент.<br>Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на |

| | |
|---|---|
| | родителите е за<br>период до завршување на основното |

| | |
|---|---|
| | образование на нивното дете, но нее подолго од три години.<br>Училишниот одбор од редот на своите членови избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање.<br>Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.<br>Работата на УО е транспарентна за сите структури.<br>Состаноците се одржуваат и се реализираат во согласност со деловникот за работа на УО.<br>УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно--образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури.УО активно учествува во креирањето политики за еколошка едукација и заштита на животната средина и гради училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието. |

## *Раководење со училиштето*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Самоевалуација;**<br><br>**Развоен план/програма на училиштето;**<br><br>**Акциски планови за постигање на поставените цели;**<br><br>**План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови;**<br><br>**Записници од органите и телата Интервјуа со директорот наставниците, родителите и со учениците;**<br><br>**Годишна програма за работа;** | **Раководење со училиштето**<br><br>Раководниот орган на училиштето е директорот. За својата работа директорот има изготвено програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година.<br><br>Директорот има добра соработка со вработените. Работењето му е транспарентно со директна комуникација, преку соопштенија, истакнување на информации на огласна табла, како и писмена и електронска коресподенција со оние кои треба да бидат информирани.<br><br>Најголем дел од испитаниците одговорија позитивно на прашањата во врска со работата на директорот, соработката со родителите и наставниците како и со учениците.<br><br>Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае како објективно да го оцени квалитетот на вработените, да го вреднува нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето.<br>Донесува одговорни одлуки. Има изградено |

| | |
|---|---|
| | личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Детектира и се фокусира на јасни приоритети воочени во развојниот план/ програма преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.<br><br>Фокусот на работење на директорот е почитување и навремено доаѓање на наставниците и учениците, обезбедување на ИКТ за подобрување на наставниот процес, со примена и техники на ИКТ, следење на условите со редовно и квалитетно одржување на објектот, уредување на училишниот двор, интервенирање во делот на оценување со доволно инструменти во склоп со критериумите за оценување .<br><br>Организира обуки со цел обезбедување на пообјективно оценување и активирање на работата на стручните активи. Организира реализација на обуки за наставниците со надворешни обучувачи, а приоритет имаат обуките за работа со деца со посебни образовни потреби.<br><br>Раководењето на директорот се заснова на |

| | |
|---|---|
| | тимска работа, преку вклучување на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | вработените реализација активности. | вои | процесите евалуација | нана | планирање, севкупните |

## *Цели и креирање на училишната политика*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Развоен план/програма на училиштето;**<br><br>**Акциски планови за постигање на поставените цели;**<br><br>**План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови;**<br><br>**Записници од органите и телата;**<br><br>**Анкети со наставниците, родителите и со учениците;** | **Јасност и соодветност на целите**<br><br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и подобрување на постигањата на сите ученици, со акцент на работа на ученици со ПОП. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување.<br><br>Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите.<br><br>Во Годишната програма за работа за учебната 2022/2023 година поаѓајќи од утврдените приоритети во развојното планирање, поставени се актуелни цели: професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар со цел унапредување на работата со ученици со ПОП, |

| | |
|---|---|
| **Годишна програма за работа;**<br><br>**Извештаи од интерната евалуација;** | ученици со потешкотии во учењето, надарени, подобрување на соработката со родителите и опремување на училиштето со поголем број на современи нагледни средства, дидактички материјали, технички помагала и ИТ технологија, обновување на спортски терени и друго. Целите се добро разработени во акциониот план кој ги содржи сите потребни елементи за успешно постигање.<br><br>**Процедури за креирање на училишната политика**<br><br>Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, намалување на насилството во училиштата, намалување на семејното насилство, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност, еколошко образование итн. Вработените активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и за активностите за нивно остварување. При креирањето на политиките<br>учи-лиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците. Учениците, родителите и вработените во училиштето се запознати со куќниот ред и протоколот за однесување во училиштето.<br><br>Училиштето има план за евалуација на акциските планови, преку што се следи реализацијата на поставените цели. |

## *Развојно планирање*

| Извори на податоци | Добиени информации |
| --- | --- |
| **Самоевалуација;**<br><br>**Развоен план/програма на училиштето;**<br><br>**Акциски планови за постигање на поставените цели;**<br><br>**План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови;**<br><br>**Записници од органите и телата Интервјуа со директорот наставниците, родителите и со учениците;**<br><br>**Годишна програма за работа;** | **Цели на развојното планирање**<br><br>Развојното планирање за периодот од 2019 до 2023 година ги содржи приоритети на училиштето. Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница.<br><br>Во Развојното планирање, планирани се следните стратешки цели:<br><br>● професионално усовршување на наставниот кадар<br>● постојано следење и унапредување на материјално-техничките услови во училиштето.<br>● зголемување на свеста кај родителите за важноста од нивното вклучување во училишниот живот.<br><br>За реализација на стратешките цели испланирани се развојни и конкретни цели, кои преку активности ќе се реализираат, со испланирани потребни ресурси, временска рамка, индикатори и извори на доказ.<br><br>Училиштето има акциски планови за следење и евалуација на развојната програма и постигањата на поставените стратешки цели. |

| | |
|---|---|
| **План за професионален** | |

| | |
|---|---|
| **развој;**<br><br>**Извештаи од интерната евалуација;** | Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати.<br><br>Училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница. |

***Професионален развој/стручно усовршување на кадарот***

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Програма за професионален развој;**<br><br>**Самоевалуација;**<br><br>**Развоен план/програма на училиштето;**<br><br>**Акциски планови за постигање на поставените цели;**<br><br>**План за следење и евалуација на реализацијата на акциските** | **Професионален развој/стручно усовршување на кадарот**<br><br>Стручното усовршување на наставниот кадар и стручните соработници се врши континуирано.<br><br>Училиштето има процедури за утврдување на потребите за усовршување на наставниот кадар и Програма за професионален развој на наставниците, вклучувајќи ги и обуките за работа со деца со потешкотии во развојот, како и обуките за работа со талентирани и надарени деца.<br><br>Училиштето е носител на e-twining значка за училиште кое поддржува e-twining проекти во наставата и со тоа наставниот кадар се обврзува и поттикнува за работа на проекти од платформата.<br><br>Училиштето аплицираше на Erasmus EU и доби проект К1 GIFTIN (креативни практики за инклузија на |

| | |
|---|---|
| | надарени ученици). По направената селекција, координаторот ги подготви учесниците за две мобилности, каде што тие следеа обуки кои беа потребни за целите за реализација на проектот. По завршените обуки, во следниот период ќе се изврши дисиминација на наставниците и ќе започне подготовка на програма за работа со надарени ученици. |

| | |
|---|---|
| **планови;**<br><br>**Записници од органите и телата;**<br><br>**Интервјуа со директорот наставниците, родителите и со учениците;**<br><br>**Годишна програма за работа;** | |

## *Материјално-технички средства*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Самоевалуација;**<br><br>**Развоен план/програма на училиштето;**<br><br>**Годишна програма за**<br><br>**работа; Пописни листи;**<br><br>**Увид во опремата;**<br><br>**Апликации на училиштето за обезбедување средства од локалната самоуправа, заедницата, донаторите исл.;** | **Материјално-технички средства**<br><br>Потребите од материјално-технички средства редовно се идентификуваат, континуирано се планираат и во најголем дел се обезбедуваат.<br><br>Потребните финансиски средства, материјали и услови училиштето ги обезбедува преку проекти, МОН, општината и сопствени средства обезбедени од издавање на просторот. |

## *Инфраструктура*

| Извори на податоци | Добиени информации |
|---|---|
| **Развоен план/програма на училиштето;**<br><br>**Годишна програма за работа;**<br><br>**Извештаи од интерната евалуација;**<br><br>**Финансиски план на училиштето;**<br><br>**Увид во инфраструктурата;**<br><br>**Апликации на училиштето за обезбедување средства од локалната самоуправа, заедницата, донаторите исл.;** | Училиштето континуирано ја следи состојбата на инфраструктурата, условите за работа за учениците и целиот наставен кадар<br><br>Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.<br><br>Училиштето има добиени донации од родителите и општествено одговорни институции за подобрување на условите за работа во училниците. |

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

**Клучни јаки страни**

- - Наставниците,  учествуваат во креирање на целите и нивна реализација, како и во креирање на вредностите  на училиштето.
- 
- - Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирање на целите,
- начелата и вредностите на училиштето.

- - Во училиштето постојат услови за демократско одлучување;
- - Училиштето има воспоставено соработка со локалната средина за подобрување на

инфраструктурата

- - Училиштето води политика на взаемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција.

- Соработката со сите субјекти во училиштето е добра;

- Директорот воспоставува добри односи со наставниците, учениците и другите установи со кои соработува.
- Директорот работи транспарентно, развива доверба и ги мотивира вработените за тимска работа;
- Учениците, родителите и наставниците се навремено и редовно информирани за случувањето во училиштето.
- Наставниците користат современи методи и техники при работа.
- Наставниците ги поттикнуваат учениците да учествуваат во натпревари во училиштето и надвор во него.
- Директорот и наставниците добро се однесуваат со учениците.

- - Директорот обезбедува комуникација која се темели на почит и взаемна соработка на сите вработени во училиштето;

- - Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет;

- -Директорот воспоставува добри односи со наставниците, учениците и другите установи со кои соработува;

- - Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирање на целите, начелата и вредностите на училиштето

- - Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на стручниот кадар.

- - Училиштето води политика за поддршка на учениците со различни предиспозиции и способности

- - Во реализација на наставата во училиштето наставниците користат современи методи и техники при работа;

- - Училиштето ги поттикнува и ги поддржува учениците да спроведуваат активности со кои им помагаат на заедницата.

- -Учениците, родителите и вработените се запознаени со правилата на однесување, куќниот ред и протоколот на училиштето.

**Слаби страни**

-  -Поголема застапеност на родителите во различни активности во училиштето.

## Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Подготовка на план и стратегија за поголема вклученост- застапеност на родителите во различни видови на училишни активности.

# 4. ИЗВЕШТАЈ

## За извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно - образовната работа

Врз основа на член 129, став 1,2,3,4 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 161/19), училишната комисија на крајот од учебната 2022/23 година спроведе самоевалуација за работата и постигањата на училиштето.

За поголема ефикасност во работењето, се формираа тимови по подрачја, кои имаа средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци. Се спроведе анкета со ученици, наставници, родители и директорот. Добиените податоци беа обработени, анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.

Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат. Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на три нивоа (се согласувам, делумно се согласувам, не се согласувам според однапред одредените индикатори.Врз основа

на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка – ***многу добар.***

Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

## ***Предлог мерки:***

Опремување на училишната библиотека со стручна педагошка литература преку соработка со универзитети,БРО,издавачки куќи и обезбедување на донации од истите.

Потребно е поактивно вклучување на родителите во организација и реализација на разни манифестации и хуманитарни акции за собирање и донирање средства за збогатување на училишната библиотека со разновидна литература.

Училиштето да изготви план и стратегија како да ги поттикне учениците на поголема вклученост и учество на училишниот парламент при реализацијата на вонnаставните (слободни) и вонучилишни активности.

Со зголемување на бројот на ученици во училиштето имаме потреба и од проширување на стручниот тим за поддршка на учениците со работно место психолог.

***Горенаведените предлог мерки ќе се додадат во Годишната програма за работа на училиштето и во Програмата за развој на училиштето.***

**Училишна Комисија за самоевалуација:**

1. Марина Стојановска - **педагог**
2. Татјана Багеска - **специјален едукатор и рехабилитатор**
3. Маја С. Станковска - **одделенски наставник**
4. Јана Трајковска - **предметен наставник по историја**
5. Катерина Атанасовска - **родител**

21.08.2023 година
**Скопје**

**Директор**
---------------------
Билјана Билбиловска